# З А П И С Н И К

## од дванаесеттиот состанок во 2015 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации одржан на 25.09.2015 година со почеток во 10:00 часот

Дванаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации за 2015 година, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 25.09.2015 година со почеток во 10:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа:

| Р.Бр. | Име и презиме | Позиција |
|---|---|---|
| 1 | Гордана Клинчарова | Претседател на Комисијата |
| 2 | Петар Есмеров | Член на Комисијата |
| 3 | Славе Веловски | Член на Комисијата |
| 4 | Газменд Ајдини | Член на Комисијата |
| 5 | Роберт Орданоски | Директор на Агенцијата за електронски комуникации |
| 6 | Владимир Ристевски | Советник на директорот за регулаторни прашања |

На состанокот оправдано отсутен беше г-н Горан Велинов, член на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации.

Состанокот се одржа според следниот дневен ред:

| Р.Бр. | Точка на дневниот ред | Дискусија и заклучоци |
|---|---|---|
| 1 | Усвојување на дневниот ред за дванаесеттиот состанок на Комисијата на АЕК; | Од страна на Комисијата беше усвоен дневниот ред за дванаесеттиот состанок за 2015 година на Комисијата на АЕК. |
| 2 | Усвојување на Записникот од единаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата одржан на 03.09.2015 година; | Од страна на Комисијата беше усвоен Записникот од единаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата одржан на 03.09.2015 година. |
| 3 | Одлука за спроведување на јавен оглас за именување на директор на Агенцијата; | Врз основа на член 19 став (1) алинеа 5 и член 22 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014 и 44/2015) и член 18 од Статутот на Агенцијата за електронски комуникации, Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 25.09.2015 година донесе Одлука за спроведување на јавен оглас за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникациии, број 1102-20/8. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Истовремено Комисијата ја задолжи стручната служба на Агенцијата јавниот оглас да се објави во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, со времетраење за доставување на пријави со потребните документи од триесет (30) дена од денот на објавување на огласот. |
| 4 | Согласност на Предлог Одлуката за јавна набавка на Испитување на јавното мислење; | Во однос на барањето на согласност на Предлог Одлуката за јавна набавка на Испитување на јавното мислење од страна на стручните служби беше презентирана техничката спецификација по што Комисијата даде согласност за оваа Предлог Одлука. |
| 5 | Усвојување на Правилникот за дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници на Агенцијата за електронски комуникации; | Од страна на стручните служби беше презентиран Правилникот за дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници на Агенцијата за електронски комуникации и неговата потреба заради усогласување со Законот за административни службеници, по што Комисијата го усвои овој правилник. Истовремено Комисијата ја задолжи стручната служба овој правилник да биде објавен на огласната табла на Агенцијата за електронски комуникации. |
| 6 | Усвојување на План за вработување за 2015 година; | Комисијата го разгледа предложениот план за вработувања по што констатира дека е потребно Планот да се доработи и да биде доставен на некој нареден состанок на Комисијата кога ќе се создадат услови за тоа. |
| 7 | Согласност на Предлог Одлуката за јавна набавка на Информатичка опрема; | Во однос на барањето на согласност на Предлог Одлуката за јавна набавка на Информатичка опрема, од страна на стручните служби беше презентирана техничката спецификација по што Комисијата даде согласност за оваа Предлог Одлука. |
| 8 | Разгледување на Предлог на Програмата за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2016 година; | Од страна на стручните служби беше презентирана Предлог на Програмата за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2016 година. Во 2016 година планира да врши континуирана |

ревизија на подзаконските акти, односно нивно изменување и дополнување и со тоа активно да учествува во подобрување на регулаторната рамка на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија. Со имплементацијата на софтверот за мерење на QoS во фиксни мрежи кои обезбедуваат пристап до Интернет, Агенцијата ќе располага со база на податоци за квалитетот со којшто операторите обезбедуваат пристап до Интернет на крајните корисници во Република Македонија. Агенцијата ќе врши обработка на овие податоци, нивна анализа и во зависност од резултатите ќе се преземаат соодветни чекори за нивно подобрување. Во текот на 2016 година, АЕК во однос на регулација на пазарите планира да исполни активности во две главни насоки. Првата е следење на пазарите во однос на новонастанатата ситуација во услови на спојување на двата мобилни оператори. Во однос на оваа активност планирани се следните работни задачи: анализа на големопродажен пазар за пристап и започнување на повик во јавна мобилна комуникациска мрежа, спроведување на анализа на големопродажен пазар за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи. Втората активност се однесува на усогласување со новата препорака за релевантни пазари од Европската Комисија. Во согласност со оваа активност ќе се спроведат следните работни задачи: спроведување на анализа на големопродажниот пазар за физички пристап до мрежна инфраструктура (целосен и поделен) и анализа на пазарот за пристап до фиксни говорни услуги.

Комисијата заклучи дека оваа програма може да биде поставена на веб страната на Агенцијата на јавна расправа од најмалку 30 дена во согласност со Член 13 од Законот за електронските комуникации. Истовремено Комисијата ја задолжи стручната служба на Агенцијата, Предлог на Програмата за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2016 година, да ја објави на веб страната на Агенцијата.

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Согласност за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во АЕК | Од страна на стручните служби беа презентирани Предлозите за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во АЕК. Комисијата констатираше дека овие предлози треба да бидат испратени до Министерството за информатичко општество на одобрување, во согласност со Законот за административни работници. По евентуално одобрување од страна на Министерството за информатичко општество Комисијата ќе го усвои Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во АЕК. |
| 10 | Разно | По однос на оваа точка беше дадена согласност членот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, Славе Веловски, да се упати на службено патување во странство со цел учество на Конференцијата GEN15 (Global gathering of networking professionals) која се одржува во Далас, Тексас, САД. |

Состанокот заврши во 13:45 часот.

| Р.Бр. | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| 1 | Гордана Клинчарова | |
| 2 | Петар Есмеров | |
| 3 | Славе Веловски | |
| 4 | Газменд Ајдини | |

Наш број ____________

Скопје ______________